Врз основа на член 427 став (1) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024) и член 61 став (9) од Законот за проспекти и обврски за транспарантност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 04.10.2024 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот и постапката за запишување на хартии од вредност

### Член 1

Со Правилникот за начинот и постапката за запишување на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Правилник) поблиску се уредува начинот и постапката за запишување на хартии од вредност, кои се понудени на јавноста по пат на јавна понуда.

### Член 2

(1) Запишувањето на јавно понудените хартии од вредност се врши согласно член 61 став 2 од Законот за проспекти и обврски за транспарантност за издавачите на хартии од вредност во понатамошниот текст (Законот).

(2) Постапката за запишувањето на јавно понудените хартии од вредност на регулиран пазар започнува најдоцна во рок од 30 дена од приемот на одобрението на проспектот издадено од Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст:

Në pajtim me nenin 427, paragrafi (1) të Ligjit të Instrumenteve Financiare (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 66/2024) dhe nenin 61, paragrafi (9) të Ligjit mbi Prospektin dhe Detyrimet për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 64/2024), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 04.10.2024, miratoi

# RR E G U LL O R E
## për mënyrën dhe procedurën e nënshkrimit/regjistrimit të letrave me vlerë

### Neni 1

Me Rregulloren për mënyrën dhe procedurën e nënshkrimit/regjistrimit të letrave me vlerë (në tekstin e mëtejmë: Rregullore), së afërmi rregullohet mënyra dhe procedura për nënshkrim të letrave me vlerë të cilat i janë ofruar publikut me anë të një oferte publike.

### Neni 2

(1) Nënshkrimi i letrave me vlerë të ofruara publikisht kryhet në pajtim me nenin 61, paragrafi 2 të Ligjit mbi Prospektin dhe Detyrimet për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (në tekstin e mëtejmë: Ligji).

(2) Procedura e nënshkrimit të letrave me vlerë të ofruara publikisht në një treg të rregulluar fillon jo më vonë se brenda 30 ditësh nga pranimi i miratimit të Prospektit të lëshuar nga Komisioni i Mbikëqyrjes së Tregut të Kapitalit (në tekstin e mëtejmë: Komisioni) nën kushtet të cilat janë të përcaktuara në

Комисијата) под условите кои се утврдени во проспектот изготвен од издавачот или од понудувачот.

(3) Постапката за запишување на хартии од вредност се спроведува преку инвестициско друштво или банка (кредитна институција)– членка на пазарен оператор и овластен депозитар кое е должно да обезбеди запишувањето на хартиите од вредност да се врши во согласност со законот, овој Правилник и согласно со правилата на пазарниот оператор со кој издавачот има склучено договор и согласно со правилата на овластениот депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот и со кој издавачот има склучено договор.

(4) Издавачот или понудувачот е должен со пазарниот оператор кој управува со регулираниот пазар да склучи договор за запишување на јавно понудени хартии од вредност со кој се регулираат односите помеѓу договорните страни при спроведување на запишувањето на хартиите од вредност и со кој договорните страни се обврзуваат запишувањето да се спроведе во согласност со актот за издавање на хартиите од вредност, со Законот, овој Правилник и со правилата на пазарен оператор.

(5) Издавачот или понудувачот е должен со овластениот депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот да склучи договор за запишување на јавно понудени хартии од вредност со кој се регулираат односите помеѓу договорните страни при спроведување на запишувањето на хартиите од вредност и со кој договорните страни се обврзуваат

Prospektin e hartuar nga emetuesi ose nga ofruesi.

(3) Procedura për nënshkrim të letrave me vlerë zbatohet nëpërmjet një shoqërie të investimeve ose banke (institucion kreditues) – anëtare e një operatori të tregut dhe depozitari të autorizuar, që është e obliguar të sigurojë që nënshkrimi i letrave me vlerë do të kryhet në pajtim me Ligjin, këtë Rregullore dhe në pajtim me rregullat e operatorit të tregut me të cilin emetuesi ka përmbyllur marrëveshje dhe në pajtim me rregullat e depozitarit të autorizuar ku janë të regjistruara letrat me vlerë të emetuesit dhe me cilin emetuesi ka përmbyllur marrëveshje.

(4) Emetuesi ose ofruesi ka për obligim që me operatorin e tregut i cili menaxhon me tregun e rregulluar, të lidhë kontratë për nënshkrim të letrave me vlerë të ofruara publikisht, me të cilën rregullohen marrëdhëniet ndërmjet palëve kontraktuese gjatë zbatimit të nënshkrimit të letrave me vlerë dhe me të cilën palët kontraktuese marrin përsipër detyrimin që nënshkrimi të zbatohet në pajtim me aktin e emetimit të letrave me vlerë, me Ligjin, këtë Rregullore dhe me rregullat e operatorit të tregut.

(5) Emetuesi ose ofruesi ka për obligim që me depozitarin e autorizuar ku janë të regjistruara letrat me vlerë të emetuesit, të lidhë marrëveshje për nënshkrim të letrave me vlerë të ofruara publikisht, me të cilën rregullohen marrëdhëniet ndërmjet palëve kontraktuese gjatë zbatimit të nënshkrimit të letrave me vlerë dhe me të cilën palët kontraktuese marrin përsipër detyrimin që nënnshkrimi të

запишувањето да се спроведе во согласност со актот за издавање на хартиите од вредност, со Законот, овој Правилник и согласно со правилата на овластениот депозитар.

(6) Издавачот или понудувачот е должен да склучи договор за соработка со инвестициско друштво или банка (кредитна институција), со кој го/ја овластува да го застапува во постапката на запишување на хартиите од вредност преку пазарен оператор и во негово име да го изврши пласманот на хартиите од вредност од јавната понуда што се запишуваат на регулиран пазар, согласно правилата на пазарниот оператор и на правилата на овластениот депозитар.

zbatohet në pajtim me aktin e emetimit të letrave me vlerë, me Ligjin, këtë Rregullore dhe me rregullat e depozitarit të autorizuar.

(6) Emetuesi ose ofruesi ka për obligim që të përmbyll marrëveshje për bashkëpunim me shoqërinë e investimeve ose bankë (institucion kreditues), me të cilën e autorizon që ta përfaqësojë në procedurën e nënshkrimit të letrave me vlerë përmes operatorit të tregut dhe në emër të tij të kryejë plasmanin e letrave me vlerë nga oferta publike që nënshkruhen në një treg të rregulluar, në përputhje me rregullat e operatorit të tregut dhe të rregullave të depozitarit të autorizuar.

**Член 3**

(1) Издавачот или понудувачот е должен да обезбеди непречен пристап до целосната содржина на проспектот на сите заинтересирани инвеститори согласно член 53 од Законот.

(2) На барање на секое заинтересирано лице, инвестициското друштво односно банката (кредитната институција) се должни да му обезбедат примерок од проспектот.

**Neni 3**

(1) Emetuesi ose ofruesi ka për obligim që të sigurojë qasje të papenguar deri te përmbajtja e plotë e Prospektit të gjithë investitorëve të interesuar në pajtim me nenin 53 të Ligjit.

(2) Në kërkesë të çdo pale të interesuar, shoqëria e investimeve, respektivisht banka (institucion kreditues) është e obliguar që t'i sigurojë ekzemplar të Prospektit.

**Член 4**

(1) Издавачот или понудувачот е должен на заинтересираните лица да им стават на располагање најмалку еден примерок од статутот или актот за основање на издавачот преку секое од инвестициските друштва и банките (кредитните институции) – членки на

**Neni 4**

(1) Emetuesi ose ofruesi ka për obligim që palëve të interesuara t'ua vë në dispozicion të paktën një ekzemplar të statutit ose aktit për themelim të emetuesit nëpërmjet secilës prej shoqërive të investimeve ose bankave (institucione kredituese) – anëtare të operatorit të

овластениот пазарен оператор и овластениот депозитар.

(2) Доколку издавачот изготвил понови финансиски извештаи од објавените во проспектот, издавачот или понудувачот е должен, на заинтересираните лица да им стави на располагање најмалку еден примерок од новите финансиски извештаи преку секое од инвестициските друштва односно банките (кредитните институции)– членки на пазарниот оператор и на овластениот депозитар.

**Член 5**

(1) Лицето кое запишува хартии од вредност односно неговиот полномошник задолжително пополнува и потпишува изјава (уписница) , согласно Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник. Доколку изјавата за запишување на хартии од вредност, односно уписницата е во електронска форма потпишана со дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.

(2) Изјавата, односно уписницата од став (1) на овој член се пополнува и се потпишува во два примерока, од кои еден за издавачот, а другиот за лицето кое запишало хартии од вредност.

(3) Изјавата, односно уписницата од став (1) на овој член претставува доказ за запишани хартии од вредност кои се продаваат по пат на јавна понуда.

(4) Изјавата, односно уписницата од став (1) на овој член се дава истовремено со давањето на налогот за купување на хартии

autorizuar të tregut dhe depozitarit të autorizuar.

(2) Nëse emetuesi ka hartuar raporte më të reja financiare nga ato të publikuarat në Prospekt, emetuesi ose ofruesi ka për obligim, që palëve të interesuara t'ua vë në dispozicion të paktën një ekzemplar të raporteve të reja financiare nëpërmjet secilës prej shoqërive të investimeve, respektivisht bankave (institucione kredituese) – anëtare të operatorit të tregut dhe të depozitarit të autorizuar.

**Neni 5**

(1) Personi që nënshkruan letra me vlerë, respektivisht i autorizuari detyrimisht plotëson dhe nënshkruan deklaratë (fletëregjistrim), në pajtim me Shtojcën 1 e cila është pjesë përbërëse e kësaj rregulloreje. Përderisa deklarata për nënshkrimin e letrave me vlerë, respektivisht fletëregjistrimi është në formë elektronike, i nënshkruar me certifikatë digjitale, nuk ka nevojë që të përmbajë vulë të emetuesit.

(2) Deklarata, respektivisht fletëregjistrimi nga paragrafi (1) i këtij neni, plotësohet dhe nënshkruhet në dy ekzemplarë, nga të cilët një për emetuesin, ndërsa tjetri për personin që ka nënshkruar letra me vlerë.

(3) Deklarata, respektivisht fletëregjistrimi nga paragrafi (1) i këtij neni, paraqet provë për letra me vlerë të nënshkruara të cilat shiten me anë të një oferte publike.

(4) Deklarata, respektivisht fletëregjistrimi nga paragrafi (1) i këtij neni, jepet njëkohësisht me dhënien e urdhrit për blerje të letrave me vlerë nga oferta publike e letrave

од вредност од јавна понуда на хартии од вредност кај инвестициско друштво односно банка (кредитна институција)– членка на пазарниот оператор и на овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување. Инвестициското друштво односно банката (кредитната институција) ги чува сите уписници до завршување на рокот за запишување на хартиите од вредност, а потоа само оние кои се со правна важност ги доставува до издавачот.

**Член 6**

Издавачот или понудувачот е должен, по завршување на рокот за запишување, по барање на лицата кои запишале хартии од вредност да им стави на увид список на сите инвеститори кои запишале хартии од вредност.

**Член 7**

(1) Издавачот е должен постапката за запишување хартии од вредност да ја спроведе во рокот утврден со актот за издавање на хартии од вредност.
(2) Рокот за запишување на јавната понуда е согласно член 62 од законот,а доколку до истекот на рокот за запишување се запишат повеќе хартии од вредност од обемот на емисијата, распределбата на запишаните хартии од вредност се врши согласно актот за издавање на хартиите од вредност на издавачот.

me vlerë te shoqëria e investimeve, respektivisht banka (institucioni kreditues) – anëtare e operatorit të tregut dhe e depozitarit të autorizuar dhe e njëjta ka vlefshmëri juridike nga çasti i realizimit të urdhrit për blerje. Shoqëria e investimeve, respektivisht banka (institucioni kreditues) i ruan të gjitha fletëregjistrimet deri në përfundimin e afatit për nënshkrim të letrave me vlerë, pastaj vetëm ato të cilat janë me vlefshmëri juridike, i dorëzon deri te emetuesi.

**Neni 6**

Emetuesi ose ofruesi ka për obligim, që pas përfundimit të afatit për nënshkrim, në kërkesë të personave të cilët kanë nënshkruar letra me vlerë, t'ua vë në pikëqasje listën e të gjithë investitorëve që kanë nënshkruar letra me vlerë.

**Neni 7**

(1) Emetuesi ka për obligim që procedurën për nënshkrim të letrave me vlerë t'a zbatojë brenda afatit të përcaktuar me aktin e emetimit të letrave me vlerë.
(2) Afati për nënshkrim të ofertës publike është në pajtim me nenin 62 të Ligjit, ndërsa nëse deri në përfundimin e afatit për nënshkrim, nënshkruhen më shumë letra me vlerë nga vëllimi i emetimit, ndarja e letrave me vlerë të nënshkruara kryhet në pajtim me aktin e emetimit të letrave me vlerë të emetuesit.

## Член 8

(1) Инвестициското друштво односно банката (кредитната институција)– членка на пазарниот оператор и на овластениот депозитар се должни на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член содржи податоци за:

а) називот на издавачот на хартиите од вредност од јавната понуда со кои е тргувано;

б) видот, родот и класата на хартиите од вредност со кои е тргувано;

в) видот на налогот - куповен или продажен;

г) количината на хартиите од вредност со кои е тргувано;

д) цената по која хартиите од вредност се купени, односно продадени;

ѓ) надоместокот за извршената трансакција;

е) датумот на приемот на налогот за тргување;

ж) датумот на порамнување на трансакцијата и

е) напомена дека порамнувањето ќе се изврши по завршувањето на рокот за запишување и уплата на јавната понуда на хартии од вредност и дека правата од хартиите од вредност ќе настанат од моментот на нивното регистрирање во овластениот депозитар.

## Neni 8

(1) Shoqëria e investimeve, respektivisht banka (institucioni kreditues) – anëtare e operatorit të tregut dhe e depozitarit të autorizuar, janë të obliguara që çdo personi i cili ka nënshkruar dhe paguar letra me vlerë nga oferta publike t'i dorëzojë raport për përmbyllje të transaksionit brenda dy ditësh nga dita e përmbylljes. Dorëzimi i raportit kryhet në mënyrë të dakorduar me klientin.

(3) Raporti nga paragrafi (1) i këtij neni përmban të dhëna për:

a) emërtimin e emetuesit të letrave me vlerë nga oferta publike me të cilat është treguar;

b) llojin, gjininë dhe klasën e letrave me vlerë me të cilat është tregtuar;

c) llojin e urdhrit – blerës ose shitës;

ç) sasinë e letrave me vlerë me të cilat është tregtuar;

d) çmimin për të cilin letrat me vlerë janë blerë, respektivisht shitur;

dh) kompensimn për transaksionin e kryer;

e) datën e pranimit të urdhrit për tregtim;

ë) datën e shlyerjes së transaksionit dhe

f) shënimin, se shlyerja do të kryhet pas përfundimit të afatit për nënshkrim dhe pagesë të ofertës publike të letrave me vlerë dhe se të drejtat nga letrat me vlerë do të krijohen nga çasti i nënshkrimit të tyre në depozitarin e autorizuar.

**Член 9**

(1) По успешно завршување на емисијата, хартиите од вредност се регистрираат во овластениот депозитар.
(2) Правата и обврските од хартиите од вредност настануваат од моментот на нивното регистрирање во овластениот депозитар.

**Член 10**

Јавната понуда се смета за успешна доколку во рокот предвиден во Проспектот согласно член 62 од Законот е постигнат минималниот праг утврден во Проспектот. Доколку јавната понуда не се реализира, односно не е постигнат утврдениот минимален праг во Проспектот, истата се смета за неуспешна, а сите запишувања на хартиите од вредност се поништуваат и сите примени уплати за хартиите од вредност се враќаат на инвеститорите во рок од еден месец од објавувањето на известувањето за бројот на запишани и уплатени хартии од вредност (процент на реализација) , како и условите и постапката за враќање на средствата.

**Преодни и завршни одредби**

(1) Со денот на отпочнување на примената на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за запишување на хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија број 122/2006, број 147/2010, број 81/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 91/21).

**Neni 9**

(1) Pas përfundimit të suksesshëm të emetimit, letrat me vlerë regjistrohen në depozitarin e autorizuar.
(2) Të drejtat dhe detyrimet nga letrat me vlerë krijohen nga çasti i regjistrimit të tyre në depozitarin e autorizuar.

**Neni 10**

Oferta publike konsiderohet e suksesshme përderisa në afatin e paraparë në Prospekt në pajtim me nenin 62 të Ligjit është arritur pragu minimal i përcaktuar në Prospekt. Përderisa oferta publike nuk realizohet, respektivisht nuk është arritur pragu minimal i përcaktuar në Prospekt, e njëjta konsiderohet e pasuksesshme, ndërkaq të gjitha nënshkrimet e letrave me vlerë anulohen dhe të gjitha pagesat e pranuara për letrat me vlerë u kthehen investitorëve brenda një muaji nga publikimi i njoftimit për numrin e letrave me vlerë të nënshkruara dhe të paguara (përqindja e realizimit), si dhe kushtet dhe procedura për kthimin e mjeteve.

**Dispozita kalimtare dhe përfundimtare**

(1) Shtojcën e kësaj rregulloreje, Komisioni e publikon në faqen e vet të internetit.

(2) Me ditën e fillimit të zbatimit të kësaj rregulloreje, shfuqizohet Rregullorja për mënyrën dhe procedurën e regjistrimit të letrave me vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 122/2006, numër 147/2010, numër 81/14 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 91/21).

(2) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од денот на започнување на примената на Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/2024).

(3) Kjo Rregullore hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërsa do fillojë të zbatohet nga dita e fillimit të zbatimit të Ligjit mbi Prospektin dhe Detyrimet për Transparencë të Emetuesve të Letrave me Vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 64/2024).

**Бр. Nr. 01-618/1**
**Скопје/Shkup 04.10.2024**

**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Претседател/Kryetar**
**Mr.Sc. Nora Aliti**